– Сектор за правни работи–

Архивски број: 07-10248/1
Датум: 20-09-2023

Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ДАКОС ГРОУП ДООЕЛ
Бр. 0307-104
22.09 2023 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги – транспорт и селидба

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ДАКОС ГРОУП ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Ибе Паликуќа" бр.6 Скопје, застапувано од Костадин Настовски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор се услуги за транспорт и селидба за потребите на Министерството за финансии, кои ќе се вршат по потреба, по спроведена постапка со набавка од мала вредност, врз основа на понудата на носителот на набавката, а прифатена од договорниот орган, по огласот бр. 13705/2023.

Составен дел на овој договор се техничките спецификации дадени во прилог 1 на овој договор.

Предметот на договорот од став 1 на овој член ги опфаќа следниве видови на услуги:

- заштитување на опремата и документацијата со соодветна амбалажа за заштита со цел да се спречи оштетување при пренесувањето;
- обезбедување на картонски кутии во количина која ќе ја определи договорниот орган за пакување на документацијата која ќе се преселува;
- преселување на опрема и документација од една до друга локација на подрачјето на град Скопје, со користење на рачни колички и платформи, за кои обврска да ги обезбеди има носителот на набавката. Услугата опфаќа пренесување на опрема и документација од просторијата од каде што треба да се дислоцираат до просторијата каде што треба да се лоцираат (вклучително утовар и истовар) и
- транспорт со товарни возила (кога местото на утовар е оддалечено од местото на истовар над 500 метри).

Преселувањето на опрема и документација од една во друга локација надвор од градот Скопје каде што се сместени подрачните одделенија на Управата за имотно – правни работи и трезорските канцеларии на Министерството за финансии, по потреба на договорниот орган.

Видовите на опремата и документацијата што може да биде предмет на селидба ќе бидат утврдени во согласност со потребите на договорниот орган, а ќе се дефинираат во писмените порачки на договорниот орган.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Единечните цени за извршување на услугата –предмет на договорот, се следните:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Цена за транспорт од 500 м. до 2 км. (во Скопје) | 4.000,00 |
| 2. | Цена за 1 км. (во Скопје) при транспорт на оддалеченост над 2 км. | 800,00 |
| 3. | Цена за 1 км. (надвор од Скопје) | 60,00 |
| 4. | Цена за 1 $м^3$ | 1.580,00 |
| 5. | Цена за картонска кутија за пакување на ситен инвентар и документација | 90,00 |

Единечните цени се крајни, фиксни и непроменливи се до конечното исполнување на договорот и во нив се вкалкулирани сите трошоци кои ги има носителот на набавката за преземање на опремата од просториите, утовар, пренесување, истовар и сместување во посочените простории, демонтирање и повторно монтирање на опремата која е составена од два или повеќе сегменти, како и транспортните трошоци за превоз на опремата.

На единечните цени, како и на вкупниот износ за плаќање при фактурирањето, се пресметува данок на додадена вредност според пропишаната стапка.

Вкупната максимална вредност на договорот изнесува 300.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

На износот од ставот 4 на договорот се пресметува ДДВ во износ од 54.000,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 354.000,00 денари.

Договорниот орган не е обврзан да ја реализира вкупната максимална вредност на овој договор.

## III. ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Услов за потпишување на договорот е обезбедување гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од максималната вредност на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот да биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката ја доставува заедно со потпишаниот договор во рок од 5 работни дена од денот на добивање на договорот од страна на договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт определено од страна на договорниот орган.

Со оваа гаранција носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го испорачува на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Договорот се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци од денот на потпишувањето на овој договор од двете договорни страни или до неговото вредносно исполнување.

## V. НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

### Член 5

Услугите предмет на овој договор ќе се извршуваат по потреба, врз основа на претходна писмена порачка од страна на договорниот орган во која ќе биде содржана спецификацијата на опремата што треба да се пренесе, како и почетната и крајната локација.

Договорниот орган нема обврска да порача преселување на сите видови опрема и документација наведени во техничките спецификации, дадени во прилог 1 на овој договор.

Вкупниот износ на сите порачки не смее да ја надмине вкупната максимална вредност на договорот утврдена во член 2 став 4 и 5 од овој договор.

Опремата и документацијата што треба да се преселува треба да се зема од просториите во кои е лоцирана и да се внесува во просториите кои ќе бидат посочени од страна на договорниот орган.

Преселувањето на опремата и документацијата може да биде во ист објект од едни простории во други или од еден објект во друг на различни локации.

Член 6

При пренесување на опрема која е составена од два или повеќе сегменти, заради полесно пренесување и неоштетување на опремата, потребно е носителот на набавката да изврши демонтирање на деловите и нивно повторно монтирање по извршеното преселување.

Член 7

Времето за извршување на услугата зависи од обемот и потребата на услугата која треба да биде извршена, но истото не треба да биде подолго од 24 работни часа согласно работното време кое важи за договорниот орган.

Рокот за извршување на услугата предмет на овој договор не треба да биде подолг од 3 (три) дена сметано од денот на приемот на писмената порачка од договорниот орган.

Член 8

Носителот на набавката се обврзува при пренесувањето на опремата и документацијата од една на друга локација да користи наменски транспортни средства (рачни колички, виљушкари, платформи и други соодветни средства за пренесување) и наменски товарни возила, на сопствен трошок, а се со цел опремата и материјалите што ќе се пренесат да ги сочуваат своите естетски и функционални карактеристики.

Во случај на оштетување на опремата и документацијата, носителот на набавката е должен во рок од 15 (петнаесет) дена да ја надомести направената штета и истата ќе се пресметува процентуално од пазарната вредност на стварите.

Во случај на губење на опремата носителот на набавката е должен во рок од 15 (петнаесет) дена, во целост да ја надомести вредноста за изгубените ствари според нивната пазарна вредност, за што ќе се изготви посебен записник.

Член 9

За извршената услуга двете страни составуваат и потпишуваат записник или работен налог кој истовремено ќе биде доказ дека работите се извршени во целост, според барањата на договорниот орган.

## VI. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 10

Плаќањето ќе се врши по секоја извршена услуга, а врз основа на доставената фактура од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето за извршената услуга во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

Фактурата за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: Министерство за финансии, ул.„Даме Груев" бр.12, Скопје.

Кон фактурата за плаќање задолжително се приложува записник или работен налог за извршената услуга, потпишан со полно име и презиме од лицата определени од договорниот орган и претставници на носителот на набавката.

Записникот/работниот налог, покрај останатото, треба да содржи податоци за вкупната преселена количина по видови на опрема и документација, искажана во парчиња.

Доколку фактурата не ги содржи сите документи и податоци од став 4 и 5 на овој член, истата нема да биде платена и ќе биде вратена на носителот на набавката заради корекција или докомплетирање.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 11

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги извршува услугите навремено и квалитетно согласно прифатената понуда и пропишаните стандарди за ваков вид на услуга.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметните услуги кој е дефиниран во член 7 од овој договор.

Носителот на набавката е должен да го извршува преселувањето, односно транспортот и селидбата на опремата и/или документацијата со соодветни средства за пренесување на опрема и документација, соодветно спакувана и заштитена од евентуални оштетувања.

Носителот на набавката се обврзува дека при преселување на опремата и документацијата ќе користи товарно возило кое одговара на видот, големината и типот на опремата и документацијата.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 12

Договорниот орган се обврзува за секоја потреба од преселување на опрема и документација да му достави писмена порачка на носителот на набавката.

Писмената порачка од став 1 на овој член треба да ги содржи најмалку следниве податоци:

- видот и количината на опремата или документацијата што треба да се преселува;
- адреси и точни податоци за просториите од кои треба да се изнесе опремата или документацијата и за просториите каде што треба да се пресели и внесе истата;
- лица кај договорниот орган што ќе бидат одговорни за следење на реализација на предметот на договорот.

Доколку не може да се определи количината во порачката истата ќе се определи на лице место со што за истото се изготвува записник потпишан од двете договорни страни.

Договорниот орган е должен при секое преселување на опрема и документација - предмет на договорот, да води сметка за возилото односно транспортното средство со кое се транспортира стоката, со цел истото задолжително да соодветствува на потребата видот, типот и големината на опремата и документацијата за преселување, заради соодветно и целовито извршување на услугата.

### Член 13

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето ќе го врши во рокот утврден во член 10 од овој договор.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Овој договор може да се раскине во согласност на двете договорни страни.

Член 15

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од Договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатувањето на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 16

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 17

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот, и да ја наплати банкарската гаранција.

Член 18

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Член 19

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

X.ВИША СИЛА

Член 20

Договорниот орган и носителот на набавката се согласни ниту една од договорните страни да не биде одговорна кон другата договорна страна за неисполнување на одредбите од овој договор, односно за настанатите штети предизвикани од неисполнувањето на обврските што произлегуваат од овој договор, до кое би дошло заради настапување на “виша сила“.

Под „виша сила“ се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена заради настапување на „виша сила" да ги извршува обврските според овој договор, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за „вишата сила" и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За време на траењето на „вишата сила"сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на „вишата сила" договорот продолжува да се реализира.

Ако исполнувањето на договорените обврски мора да се одложи поради настапувањето на „вишата сила" повеќе од три месеци, договорните страни се согласуваат да договорат нови услови за исполнување на договорот или за раскинување на договорот.

## XI. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 21

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 22

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на третата страна, без заемна писмена согласност.

### Член 23

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 24

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 25

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 26

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:

Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги
ДАКОС ГРОУП ДООЕЛ
СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ
Костадин Настовски

Изработил: Рената Николоска
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст

СПИСОК НА ПОТЕНЦИЈАЛНА ОПРЕМА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА МОЖЕ ДА БИДЕ ПРЕДМЕТ НА ПРЕСЕЛУВАЊЕ

| РБ. | Опис на опрема и документација за преселување |
|---|---|
| 1. | Ситен инвентар спакуван во картонски кутии |
| 2. | Стоечка закачалка (метална или дрвена) |
| 3. | Канцелариски документи (акти, регистратори и др.) спакувани во картонски кутии |
| 4. | Работно биро |
| 5. | Подвижна фиока (касета) |
| 6. | Конференциска маса |
| 7. | Работен/конференциски/клуб стол/фотеља |
| 8. | Клуб маса/маса за печатач или телевизор или друга помошна маса |
| 9. | Помошно биро |
| 10. | Комода |
| 11. | Метален/дрвен ормар |
| 12. | Телефакс апарат |
| 13. | Фотокопирен апарат |
| 14. | Компјутер (монитор, тастатура, куќиште) |
| 15. | Печатач |
| 16. | Жардињера/Саксиско цвеќе |
| 17. | Телевизор |
| 18. | Сеф метален (до 100 кг.) |
| 19. | Сеф метален (од 100 кг. до 300 кг.) |
| 20. | Сеф метален (над 300 кг.) |
| 21. | Клима уред (сплит систем) |
| 22. | Картонска кутија за пакување ситен инвентар и документација |
| 23. | Уметнички слики |
| 24. | Уништувач за хартија |
| 25. | Останато |

**Напомена: Договорниот орган нема обврска да порача преселување на сите видови на опрема и документација наведени во списокот. Кој вид на опрема ќе има потреба да се пресели ќе се утврди во писмената порачка.**

ПРИЛОГ 1

## Технички спецификации

Предмет на договорот е јавна набавка на услуги – транспорт и селидба на опрема и документација за потребите на Министерството за финансии.

Договорниот орган предметот на набавката ќе го реализира по потреба до истекот на важност на договорот.

Потребата од преселување на опрема и документација може да биде во ист објект од едни простории во други или од еден објект во друг на различни локации.

При преселувањето на опремата и документацијата од една до друга локација економскиот оператор - носител на набавката треба да користи рачни колички, платформи, наменски товарни возила и други соодветни средства за пренесување и негова обврска е да ги обезбеди на сопствен трошок.

За пренесување на опремата и документацијата од една до друга локација економскиот оператор - носител на набавката може да користи транспортни средства (камиони, комбиња и сл.), но превозот ќе се наплатува доколку оддалеченоста на локациите е повеќе од 500 метри.

Економскиот оператор е должен дека при преселување на опремата и документацијата ќе користи товарно возило кое одговара на видот, големината и типот на опремата и документацијата.

Договорниот орган е должен при секое преселување на опрема и документација да води сметка за возилото со кое се транспортира стоката и истото задолжително треба да соодветствува на потребата видот типот и големината на опремата и документацијата за преселување со цел соодветно и целовито извршување на услугата.

При потребата за пренесување на мебел и друг вид на опрема која е составена од два или повеќе сегменти, заради полесно пренесување и неоштетување на мебелот и опремата, потребно е економскиот оператор – носител на набавката да изврши демонтирање и нивно повторно монтирање по извршеното преселување.

**Напомена: Носителот на набавката се обврзува за преземената опрема сопственост на договорниот орган да гарантира дека при транспортот и преселбата, опремата ќе биде во истата состојба како во моментот на нејзиното преземање.**

**Во продолжение на техничките спецификации е даден список на опрема која може да биде предмет на преселување.**